бр.12-1152/5
19.08.2022 година
Кратово

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18),Градоначалникот на општина Кратово го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по предлог Локална урбанистичка планска документација(ЛУПД)

Се известуваат граѓаните на општина Кратово дека се организира Јавна презентација и Јавна анкета по предлог Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1MW на к.п.бр.1038 и дел од к.п.бр.1037,м.в.*каравијлов чукар влашке ниве*,КО Коњух,општина Кратово,со тех.бр.У-06/19 од Јули 2022 година,изработен од Урбан Гис д.о.о.Куманово од Куманово.
Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за вон населено место е прикажана со испрекината црвена линија во графички дел на планот.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 9862,60м$^2$.
Јавната презентација со стручно презентирање на планската документација ,со тех.бр.У-06/19 од Јули 2022 година,изработена од Урбан Гис д.о.о.Куманово од Куманово ,ќе се одржи на ден 31.08.2022 година со почеток во 12 $^{00}$ часот во салата на советот на општина Кратово.
Јавна анкета по предлог Локалната урбанистичка планска документација,со тех.бр.У-06/19 од Јули 2022 година,изработен од Урбан Гис д.о.о.Куманово од Куманово ,ќе трае 5 работни дена во електронска и во писмена форма ,секој работен ден од 7$^{30}$ до 15$^{30}$ часот во просториите на Одделението за урбанизам,комунални работи заштита на животната средина и лер при општина Кратово во период од 29.08.2022 година до 02.09.2022 година,во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки,предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат од просториите на Оделението и од web страната на општина Кратово **www.opstinakratovo.gov.mk**,или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.
Графичкиот прилог од Локалната урбанистичка планска документација ,ќе биде изложен на огласна табла во зградата на општина Кратово,во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на општина Кратово,а подетални информации во врска со Локалната урбанистичка планска докуменатција може да се добијат во Одделението за урбанизам комунални работи заштита на животната средина и лер при општина Кратово.

Градоначалник
на општина Кратово
**Тодорче Николовски**